РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02-691/27
02-09 2022 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 233 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), член 58 од Статутот на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје (Универзитетски гласник бр.450/2019 и бр.547/2021) и член 101 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.417/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, на XX-та седница одржана на 02.09.2022 година донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на рокот и условите за завршување на студиите на студенти (апсолвенти) запишани по старите студиски програми на прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје**

Студентите запишани на студиски програми во **учебната 2010/2011 година, 2011/2012 година, 2012/2013 година и 2013/2014 година,** можат да ги завршат започнатите студии под услови кои важеле при уписот најдоцна до 30 септември 2023 година. За продолжување на студирањето им се утврдува надоместок во висина од 200 евра во денарска противвредност.

Студентите запишани на студиски програми во **учебната 2014/2015 година**, можат да ги завршат започнатите студии под услови кои важеле при уписот најдоцна до 30 септември 2023 година. За продолжување на студирањето им се утврдува надоместок во висина од 100 евра во денарска противвредност.

Студентите кои нема да ги завршат студиите до 30 септември 2023 година, можат да го продолжат и завршат студирањето по новите студиски програми согласно последната акредитација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје.

Преминувањето на новите студиски програми ќе се изврши врз основа на решение, со еквиваленција на предмети донесено од деканот на Факултетот, по постапка утврдена во Статутот на Универзитот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а да се достави до продеканот за настава, одделението за студентски прашања, студентски парламент на ФЗНХ, архивата и огласната табла на ФЗНХ.

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-492/3 од 03.09.2021 година.

**Д Е К А Н,**

**Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ**

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија
P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk